КИРСМ

КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**за работата на Комората на извршители на Република Северна Македонија**

**за периодот од 1 јануари 2024**

**до 31 декември 2024 година**

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД ....4

1. Општ преглед за Комората и активностите на извршителите во Република Северна Македонија....4

1.1 Техничка и кадрова опременост на КИРСМ ....8

1.2 Анализа на постигнати резултати во извршувањето ....8

2. Активности на КИРСМ преку органите и комисиите на Комората .... 16

2.1 Управен одбор на КИРСМ .... 18

2.2 Претседател на КИРСМ.... 25

2.2.1 Претставки и поднесоци .... 25

2.2.2. Изземање на извршител .... 26

2.2.3. Упис во Именици, легитимација, потврди и склучен договор за осигурување .... 26

2.2.4. Примопредавање .... 27

2.2.5. Веб страна на Комората на извршители на РСМ .... 27

2.2.6. Утврдување на просторни услови.... 28

2.2.7 Членарина.... 28

2.2.8 Средби и учество на настани.... 28

2.2.9 Соработка со Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер .... 32

2.3 Дисциплинска комисија (ДК) при КИРСМ .... 32

2.4 Надзорен одбор на КИРСМ.... 33

2.5 Стручен совет на КИРСМ.... 34

2.6 Комисија за стручна едукација на извршители .... 34

2.7 Комисија за спроведување на постапка за именување на изршител .... 34

2.8 Ждрепка.... 35

2.9 Комисија за вршење на надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифа .... 36

2.10 Постапување на извршителите врз основа на член 36 став 1 од Законот за извршување.... 36

3.Активности на КИРСМ преку одржани семинари, обуки и работилници ..... 36
4.Меѓународни активности на КИРСМ..... 37
5.Односи на КИРСМ со домашни институции и регионална соработка ..... 38
А .Односи на КИРСМ со домашни институции..... 38
Односи со Министерството за правда на РСМ..... 38
Односи на КИРСМ  со други домашни институции..... 39
Б. Регионална соработка..... 39
6.Нормативна активност на Комората на извршители ..... 41
7.Односи на КИРСМ со други институции ..... 42
8.Односи со медиумите..... 42
9.Планови на Комората за 2025 година..... 43

## ВОВЕД

Во насока на исполнување на надлежноста од член 29 став 1 алинеја 15 од Статутот на Комората на извршители на РСМ во натамошниот текст (КИРСМ), Претседателот на КИРСМ го изготви овој извештај за севкупните активности на Комората за 2024 година и го доставува до Собранието на Комората на редовната годишна седница.

Овој извештај има за цел да ги презентира активностите кои Комората на извршители ги преземала во текот на 2024 година, со посебен акцент на анализа на постигнатите резултати во извршувањето, работата на органите на Комората, Стручната служба на КИРСМ, Комисиите и работни тела на Комората, активности преку одржани семинари, обуки и работилници, меѓународната и регионалната соработка на Комората, односите со домашни и странски институции, медиуми и друго.

## 1. Општ преглед за Комората и активностите на извршителите во Република Северна Македонија

Извршителите и замениците на извршителите во Република Северна Македонија задолжително се здружуваат во Комора на извршители на РСМ. Во оваа извештајна година, вкупниот број на извршители запишани во Именик на извршители на ден 31.12.2024 година изнесува 93 извршители, и истите се распоредени на 11 подрачја на основните судови во Република Северна Македонија.

Измените во оваа година во број на извршители и пополнетост на предвидени извршителски места во однос на минатата извештајна година, е резултат на упис и бришење на извршители.

Во оваа извештајна година се спроведе упис во Именик на извршители при Комората на извршители, на следните извршители:

1. Извршител Лидија Радеска за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје;
2. Извршител Бране Милчески за подрачјето на Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш;
3. Извршител Марија Попов за подрачјето на Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино;
4. Извршител Дарко Стеваноски за подрачјето на Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево.

Во оваа извештајна година се спроведе бришење од Именик на извршители при Комората на извршители, на следните извршители:

1. Извршител Музафер Хоџиќ од Скопје чија што должност престана, по негово барање;
2. Извршител Фанија Каламатиева од Скопје чија што должност престана со навршување на 64 години возраст, согласно закон;
3. Извршител Саветка Георгиева од Струмица чија што должност престана со навршување на 64 години возраст, согласно закон и
4. Извршител Христо Јованов од Скопје чија што должност престана со навршување на 64 години возраст, согласно закон;

Во оваа извештајна година Министерството за правда на РСМ именуваше **4 (четири)** извршители:

1. Извршител Дарко Стеваноски за подрачјето на Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево;
2. Извршител Кристијан Климоски за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје на местото на извршител Фанија Каламатиева (поранешен извршител од Скопје);
3. Извршител Дарко Топчов за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје на местото на извршител Христо Јованов (поранешен извршител од Скопје);
4. Извршител Христина Темелкова Митев за подрачјето на Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш на местото на извршител Саветка Георгиева (поранешен извршител од Струмица);

Во оваа извештајна година, вкупниот број на заменици извршители кои се вработени во канцеларијата на извршител, изнесува **14 (четиринаесет)** заклучно со 31.12.2024 година.

На барање на Комората 93 извршители пополнија и приложија до КИРСМ анкетни листови за 2024 година, по чие сумирање, беа добиени следниве податоци:

| | | |
|---|---|---|
| | АНКЕТА ЗА 2024 ГОДИНА | |
| **1** | Вкупниот број на вработени во мојата извршителска канцеларија(вклучувајки го и извршителот) изнесува: | 402 |
| **2** | Бројот на вработени во мојата извршителска канцеларија (не вклучувајќи го извршителот и волонтерите) изнесува: НАПОМЕНА:Ве молиме изразете го степенот на завршено образование на вработениот според работното место ( пр: заменикот вработен во канцеларијата ќе биде изразен само во ставката дипломиран правник со положен испит за извршители) | 309 |
| | * со средно образование | 77 |
| | *дипломирани правници | 131 |
| | *со друго високо образование | 42 |
| | *дипломирани правници со положен правосуден испит | 80 |
| | *дипломирани правници со положен испит за извршители | 35 |
| | *основно образование | 1 |
| | *друго (наведете) Више образование | 3 |
| **3** | Мојот Заменик извршител е: | |
| | *вработен во канцеларија ( можен одговор ДА или НЕ) | 14 одговори ДА |
| | *друг извршител (можен одговор ДА или НЕ) | 79 одговори НЕ |
| **4** | Број на помошници извршители | 24 |
| **5** | Број на волонтери | 9 |
| **6** | Со колку компјутери вкупно располагате Вие и вашите вработени во извршителската канцеларија? | 486 |
| **7** | Дали се истите мрежно поврзани ? ( одговорете со да или не) | 93 одговори ДА |
| **8** | Со колку службени возила располага Вашата канцеларија? | 66 |
| **9** | Со колку квадратни метри располага Вашата извршителска канцеларија? | Вкупно 7304 |
| **10** | Дали користите електронски пристап по чл.36 ст.10 од ЗИ до услугите на: (одговорете со да или не) | |
| | *Централен регистар | 18 одговори НЕ<br>75 одговори ДА |
| | *Управа за јавни приходи | 49 одговори НЕ<br>44 одговори ДА |
| | *КИБС | 93 одговори да |

| | | |
|---|---|---|
| | *Катастар | 1 одговор не<br>92 одговори ДА |
| | *е банкинг плаќање | 92 одговори ДА<br>1 одговор НЕ |
| | *Агенција за вработување на РСМ | 93 одговори ДА |
| | *Управата за водење на матични книги, | 5 одговори ДА<br>88 одговори НЕ |
| | *Министерството за внатрешни работи | 91 одговор НЕ<br>2 одговори ДА |
| | *Министерство за труд и социјална политика | 6 одговори НЕ<br>87 одговори ДА |
| | *друго (наведете) | 1 одговор МКБ |
| **11** | *On line бази на закони и прописи (Службен весник, академика или др.) | 33 одговори ДА |
| **12** | Извршителот има квалификуван сертификат издаден од овластен издавач на сертификати - токен за електронски потпис?   (одговорете со да или не) | 93 одговори ДА |

Согласно што, вкупниот број на вработени лица во извршителските канцеларии, не вклучувајќи ги извршителите и волонтерите, изнесува 309 .

| Година | Број на извршители | Број на вработени | Просечен број на вработени во канцеларија без извршител |
|---|---|---|---|
| 2008 | 54 | 231 | 4,28 |
| 2009 | 77 | 177 | 2,95 |
| 2010 | 79 | 375 | 4,69 |
| 2011 | 91 | 339 | 3,85 |
| 2012 | 92 | 400 | 4,35 |
| 2013 | 98 | 460 | 4,69 |
| 2014 | 97 | 507 | 5,23 |
| 2015 | 99 | 526 | 5,31 |
| 2016 | 98 | 509 | 5,19 |
| 2017 | 101 | 520 | 5,14 |
| 2018 | 97 | 422 | 4,35 |
| 2019 | 91 | 362 | 4,02 |
| 2020 | 99 | 351 | 3,61 |
| 2021 | 96 | 335 | 3.48 |
| 2022 | 92 | 329 | 3,57 |
| 2023 | 93 | 327 | 3,51 |
| 2024 | 93 | 309 | 3.32 |

## 1.1 Техничка и кадрова опременост на КИРСМ

Во однос на техничката опременост на КИРСМ, истата располага со: 6 Десктоп компјутери со MS Office, 2 лаптоп компјутери, 5 принтери, 1 факс, 1 ЛЦД проектор, 1 телевизор, 2 фотокопири, 2 скенери, 3 статични телефонски апарати, мебел и работни бироа.

Кадровскиот капацитет на Стручната служба на КИРСМ, се состои од три лица во редовен работен однос на неопределено време и едно лице во работен однос на определено време. Едно лице е вработено во редовен работен однос на неопределено време како стручен соработник, едно лице е вработено во редовен работен однос на неопределено време како помлад стручен соработник, едно лице е вработено во редовен работен однос на неопределено време како самостоен референт за архивско и канцелариско работење и едно лице вработено на определено време, како правник.

## 1.2 Анализа на постигнати резултати во извршувањето

Споредбено по години, резултатите за спроведување на извршување врз основа на доставените извешти за работа на извршителите се следните:

Во извештајната 2024 година, бројот на вкупно примени барања за извршување во извршителските канцеларии изнесува 167.112 барања.

Во вкупниот број на примени барања за извршување за 2024 година се изразени и примени барања за извршувања кои извршителите ги преземале од канцеларии на извршители чија должност престанала.

Во оваа извештајна година бројот на завршени предмети од страна на извршителите изнесува 73.795 предмети , а процентот на реализација изнесува 44,15%.

| Година | Примени барања | Реализирани | Процент на реализација | Наплатени средства во евра |
|---|---|---|---|---|
| 2006 | 6,335 | 2,750 | 43.41% | 20,217,987.00 € |
| 2007 | 30,098 | 12,102 | 40.21% | 49,294,201.00 € |
| 2008 | 40,141 | 14,332 | 35.70% | 60,054,078.00 € |
| 2009 | 58,516 | 22,901 | 39.14% | 78,054,164.00 € |
| 2010 | 67,297 | 35,607 | 36.76% | 94,760,634.00 € |
| 2011 | 73,570 | 30,668 | 42.65% | 80,106,316.00 € |
| 2012 | 164,055 | 33,384 | 25.74% | 104,312,352.00 € |
| 2013 | 141,115 | 38,205 | 33.96% | 127,780,882.00 € |
| 2014 | 159,575 | 49,452 | 30.99% | 107,876,768.00 € |
| 2015 | 154,522 | 52,457 | 33.95% | 107,646,962.00 € |
| 2016 | 227,836 | 54,720 | 24,02% | 118,964,677.41 € |
| 2017 | 88,723 | 56,163 | 63,30 % | 166,224,905.97 € |
| 2018 | 112,250 | 62,515 | 55,69% | 126,966,895.41 € |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2019 | 121,812 | 57,065 | 46,84% | 123,255,351.58 € |
| 2020 | 101,360 | 42,233 | 41,66% | 123,163,049.63 € |
| 2021 | 123,668 | 59,205 | 47,87% | 130,005,233.91 € |
| 2022 | 152,079 | 58,201 | 38,27% | 144,350,068.56 € |
| 2023 | 170,874 | 64,010 | 37,46 | 159,761,407.17 € |
| 2024 | 167,112 | 73,795 | 44,15% | 160,637,022.28 € |
| **Вкупно за 19 години** | 2,160,938 | 819,765 | **37,93%** | **2,083,432,955.92 €** |

Вкупниот износ на наплатени средства од извршување кои извршителите го наплатиле во 2024 година изнесува 160,637,022.28 евра.

| Податоци од резултати по подрачја на извршители од 2024 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Подрачје | Број на извршители | Примени барања | Реализирани барања | Процент на реализација | Наплатени средства во евра |
| 1. Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево | 4 | 6531 | 1919 | 29.38 | 2,979,938.57 € |
| 2. Основен суд Битола и Основен суд Ресен | 5 | 10863 | 4228 | 38.92 | 9,065,757.84 € |
| 3. Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино | 11 | 15446 | 5854 | 37.90 | 12,149,034.63 € |
| 4. Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево | 5 | 11357 | 4572 | 40.26 | 8,975,679.11 € |
| 5. Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово | 8 | 9948 | 5307 | 53.35 | 6,463,950.99 € |
| 6. Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар | 4 | 5814 | 3233 | 55.61 | 7,715,405.27 € |
| 7. Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево | 5 | 7526 | 3470 | 46.11 | 7,331,892.13 € |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8. Основен суд граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје | 32 | 71393 | 34836 | 48.79 | 83,558,111.17 € |
| 9. Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш | 8 | 7299 | 2873 | 39.36 | 6,437,500.08 € |
| 10. Основен суд Тетово | 5 | 12260 | 4578 | 37.34 | 7,194,939.48 € |
| 11. Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе | 6 | 8675 | 2925 | 33.72 | 8,764,813.01 € |
| ВКУПНО: | 93 | 167112 | 73795 | 44.16 | 160,637,022.28 € |

Најмногу реализирани барања за извршување од примените во 2024 година или 55.61% има подрачјето на Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар, додека пак подрачјето на Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево има најмал процент на реализација на примени барања за извршување во 2024 година односно 29.38%.

Процентот на реализација во 2024 година, кој е изразен како соодност на вкупно реализираните барања за извршување од примените барања за извршување во извештајната година согласно Правилникот за форма и содржина на кварталниот извештај и Годишниот писмен извештај за работата на извршителот е прикажан во табелата за процент на реализација за 2024 година.



Табеларен приказ на процентот на реализација споредбено за последните единаесет години

| Подрачје | Процент на реализација во 2014 година | Процент на реализација во 2015 година | Процент на реализација во 2016 година | Процент на реализација во 2017 година | Процент на реализација во 2018 година | Процент на реализација во 2019 година | Процент на реализација во 2020 година | Процент на реализација во 2021 година | Процент на реализација во 2022 година | Процент на реализација во 2023 година | Процент на реализација во 2024 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево | 35.76 | 43.92 | 34.96 | 19.52 | 10.23 | 9.81 | 12.38 | 19.21 | 9.33 | 9.65 | 9.63 |
| 2. Основен суд Битола и Основен суд Ресен | 44.6 | 49.6 | 37.07 | 22.96 | 18.53 | 16.09 | 13.99 | 22.38 | 15.70 | 12.16 | 14.54 |
| 3. Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино | 48.39 | 41.08 | 42.59 | 15.67 | 5.81 | 8.33 | 7.67 | 12.61 | 8.10 | 9.64 | 7.33 |
| 4. Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево | 17.93 | 29 | 12.91 | 9.49 | 7.20 | 4.81 | 7.01 | 17.76 | 9.25 | 9.19 | 9.89 |
| 5. Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово | 31.17 | 32.56 | 18.61 | 14.46 | 10.96 | 6.67 | 7.21 | 14.75 | 5.37 | 9.01 | 10.85 |
| 6. Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар | 34.17 | 29.32 | 23.97 | 15.61 | 12.59 | 11.03 | 10.46 | 24.15 | 13.36 | 14.34 | 13.21 |
| 7. Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево | 32.06 | 34.17 | 46.24 | 22.44 | 11.63 | 8.96 | 7.92 | 16.13 | 10.69 | 11.86 | 13.15 |
| 8.Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје | 26.6 | 31.02 | 19.91 | 14.12 | 9.86 | 10.30 | 9.50 | 16.88 | 11.44 | 10.17 | 13.43 |
| 9. Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш | 39.66 | 39.83 | 37.21 | 21.22 | 8.91 | 9.30 | 9.33 | 13.13 | 9.45 | 8.89 | 7.81 |
| 10. Основен суд Тетово | 20.65 | 20.58 | 13.12 | 8.23 | 6.55 | 7.09 | 8.39 | 17.01 | 11.86 | 9.73 | 10.90 |
| 11. Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе | 37.28 | 39.28 | 37.65 | 24.72 | 21.12 | 14.21 | 13.28 | 23.56 | 15.50 | 12.99 | 12.08 |

Според податоците од оваа извештајна година во поглед на висина на наплатени средства за доверителите, извршителите од подрачјето на Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје имаат најмногу наплатено парични средства и тоа во износ од 5,138,823,837.00 денари, додека пак најмалку наплатени парични средства има кај извршителите на подрачјето на Основен суд Берово, Основен суд Делчево, Основен суд Виница и Основен суд Кочани во износ од 183,266,222.00 денари.



Согласно податоците од доставените извештаи за работата на извршителите за оваа извештајна година најголемиот број од применените извршни исправи биле успешно реализирани во период на времетраење од повеќе од една година од моментот на поднесување на барањето за извршување:




| | 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година | 2019 година | 2020 година | 2021 година | 2022 година | 2023 година | 2024 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| над 1 година | 18453 | 22899 | 27537 | 32004 | 37775 | 32372 | 24453 | 32996 | 29239 | 39293 | 32518 |
| од 6 до 12 месеци | 7037 | 7290 | 6781 | 6792 | 4655 | 4473 | 4411 | 5129 | 5660 | 6364 | 6702 |
| од 3 до 6 месеци | 5726 | 5521 | 4649 | 5181 | 3981 | 4105 | 3199 | 4636 | 5238 | 5495 | 6397 |
| до 3 месеци | 18236 | 16729 | 15713 | 13440 | 16061 | 16407 | 13083 | 20344 | 22637 | 25168 | 28106 |

Споредбено по години, во бројот на реализирани извршни исправи од страна на извршителите во 2024 година се забележува зголемување, па во оваа извештајна година реализирани се вкупно 73.795 извршни исправи.




| | 2012 година | 2013 година | 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година | 2019 година | 2020 година | 2021 година | 2022 година | 2023 година | 2024 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Series1 | 33,384 | 38,205 | 49,452 | 52,457 | 54,720 | 56,163 | 62,515 | 57,065 | 42,233 | 59,205 | 58,201 | 64,010 | 73,795 |

## Износ на наплатени средства според доверители

Врз основа на добиените податоци од кварталните извештаи за 2024 година, според структура на доверители, извршителите во полза на државата наплатиле вкупен износ од 2,074,369.63 евра. Воедно, во истиот период, назад во стопанството се влезени вкупно 127,382,932.62 евра, благодарение на реализацијата од страна на извршителите во РСМ, додека пак во полза на физичките лица - доверители реализирани се 33,340,049.43 евра

| Доверители | Износ во денари и евра за 2024 година | |
|---|---|---|
| - за физички лица | 2,050,413,040.01 ден | 33,340,049.43 € |
| - за правни лица | 7,834,050,356.02 ден | 127,382,932.62 € |
| - за РМ | 127,573,732.00 ден | 2,074,369.63 € |



# Износ на наплатени средства според должници

Според структура на должници, извршителите во 2024 година наплатиле најмногу парични средства од должници правни лица, поточно 84,334,575.82 евра, потоа од физички лица износ од 46,933,986.94 евра и крајно од Република Северна Македонија износ од 31,495,995.72 евра.

| Должници | Износ во денари и евра за 2024 година | |
|---|---|---|
| - од физички лица | 2,886,440,197.03 ден | 46,933,986.94 € |
| - од правни лица | 5,186,576,413.00 ден | 84,334,575.82 € |
| - од РМ | 1,937,003,737.00 ден | 31,495,995.72 € |




| | 2024 | 2023 | 2022 | 2021 | 2020 | 2019 | 2018 | 2017 | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - од физички лица | 46,933,986 | 41,890,807 | 40,504,009 | 36,927,552 | 24,662,033 | 34,745,749. | 33,423,971 | 32,879,905 | 35,255,236 | 29,161,731 |
| - од правни лица | 84,334,575 | 90,339,126 | 81,720,429 | 73,966,193 | 89,485,148 | 67,931,679. | 78,778,108 | 122,495,59 | 70,155,109 | 62,740,800 |
| - од РМ | 31,495,995 | 29,532,197 | 23,467,349 | 20,198,267 | 9,432,440. | 21,992,815. | 15,946,914 | 11,613,185 | 14,622,707 | 15,744,501 |

Комората направи анализа на податоците, врз основа на доставените квартални извештаи од извршителите според основот на побарувањето за кое е поднесено барање за извршување. Бројот на поднесени барања за реализирање на непарични побарувања во извештајната 2024 година е вкупно 205 барања за извршување




## 2. Активности на КИРСМ преку органите и комисиите на Комората

Собранието на КИРСМ во текот на оваа извештајна година одржа една седница на Редовно годишно Собрание и од закажани две Вонредни седници на Собрание на КИРСМ, во текот на 2024 година се одржа една седница на Вонредно Собрание на КИРСМ.

**На седница на 18-то Редовно Годишно Собрание на КИРСМ одржано на ден 23.02.2024 година во хотел Рамада Плаза, Гевгелија беа донесени следните одлуки:**

„Се усвојува Годишниот извештај за работата на КИРСМ од 01.01.2023 до 31.12.2023 година, Годишна сметка, финансиски извештај за работата на КИРСМ за 2023 година и финансиски план на КИРСМ за 2023 година.

„ Се донесе Правилник за спроведување на Конкурс за именување на извршители и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на таблата за означување на службената просторија на извршителот, печат, штембил, пломба, потпис, дигитален сертификат на извршителот и заменикот и начин на нивно користење”

„Се овластува Претседателот на КИРСМ и Управниот одбор на КИРСМ да побараат од Министерството за правда на РСМ усогласување на Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите со пораст на просечната нето плата исплатена во период од 2019-2023 година."

„Се овластува Претседателот на КИРСМ да ја активира одлуката донесена на Собрание на КИРСМ со која е прифатена иницијатива за формирање на Правна асоцијација помеѓу Комора на извршители на РСМ, Нотарска комора, Адвокатска комора, Комора на медијатори и други сродни Комори со цел продолжување на работата и ставање во функција на Правната асоцијација."

**<u>На продолжение на седница на 18-то Редовно Годишно Собрание на КИРСМ одржано на ден 24.02.2024 година во хотел Рамада Плаза, Гевгелија беа донесени следните заклучоци:</u>**

„Итна потреба за ревидирање на измените на Законот за облигационите односи и Законот за извршување од страна на законодавецот; Продолжување на соработката на Комората на извршители на РСМ со Министерството за правда на РСМ со цел изготвување на измени на Законот за извршување; Иницирање на средба со големите доверители и банки, со замолница да дадат свои анализи и пресметки за долговите и штетата што е настаната со последните законски измени на Законот за извршување и Законот за облигационите односи; Иницирање на средба со претставници од Врховниот суд на РСМ и Апелационите судови со цел усогласување на судската пракса во постапувањето со извршните предмети по последните измени на Законот за извршување и Законот за облигационите односи; Потреба од достава на иницијатива до Врховен суд за донесување на Правно мислење по повод измените на Законот за извршување и Законот за облигационите односи од страна на апелационите судови."

**<u>На продолжението на седницата беше донесена и следната одлука:</u>**

„Се разгледа Предлог за измена на член 74 точка 11 ( од нов предлог) од Законот за извршување усвоен од Комисија за нормативна дејност на КИСМ согласно Записник од седница на Комисија за нормативна дејност дел бр. 02-284/1 од 18.07.2022 година. Се повикуваат сите извршители во рок од 30 дена до Комората на извршители да достават свои предлози за измена на член 74 од ЗИ и Правилникот за начин на примопредавање и регулирање на односи помеѓу поранешен и новоименуван извршител до Комисија за нормативна дејност на КИРСМ и Комисијата за нормативна дејност на КИРСМ во рок од

30 дена по доставените предлози од извршителите, да изготви предлог измени на член 74 и Правилник за начин на примопредавање и регулирање на односи помеѓу поранешен и новоименуван извршител.”

**<u>За ден 31.05.2024 година во хотел Монтана, Крушево беше закажана седница на Вонредно Собрание на КИРСМ, со следните точки</u>** :„Избор на еден член на Управен одбор на КИРСМ за подрачјето на Апелациониот суд Скопје, со мандат од 12.06.2024 година; избор на заменик член на Дисциплинска комисија на КИРСМ по предлог на Советот на Јавни обвинители од редот на обвинителите со мандат од 05.06.2024 година и избор на тројца членови на Надзорен одбор на КИРСМ со мандат од 12.06.2024 година;Донесување на одлука за измена и дополнување и усвојување на изменет Годишен извештај за работата на Комората на извршители на РСМ за период од 01 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година и Разно” , но истата не се одржа, поради немање кворум за работа.

**<u>На седница на Вонредно Собрание на КИРСМ одржана на ден 18.06.2024 година во хотел Парк, Скопје беа донесени следните одлуки</u>**: „Се пристапува кон измена и дополнување на Годишен извештај за работата на Комората на извршители на РСМ за период од 01 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година”, „Се усвојува изменет и дополнет Годишен извештај за работата на Комората на извршители на РСМ за период од 01 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година”, „Се избира извршител Васко Блажевски од Скопје за член на Управен одбор на Комора на извршители на РСМ за подрачјето на Апелациониот суд Скопје, со мандат од три години сметано од 12.06.2024 година”, „Се избира Јелена Догазанска Колева за заменик член на Дисциплинска комисија на Комора на извршители на РСМ по предлог на Совет на јавните обвинители на РСМ, со мандат од три години сметано од 05.06.2021 година”, „Се избираат извршител Зорица Симиќ од Скопје, извршител Петре Темелков од Радовиш и извршител Златко Трајановски од Прилеп за членови на Надзорен одбор на Комора на извршители на РСМ со мандат од три години сметано од 12.06.2024 година” и „Се избира Кети Арсова, извршител од Скопје за заменик член на Дисциплинска комисија на КИРСМ од редот на извршителите со мандат од три години сметано од 18.06.2024 година.”

## 2.1 Управен одбор на КИРСМ

Управниот одбор на КИРСМ во текот на 2024 година има одржано **10** (десет) седници на кои се донесени **148** (сто четириесет и осум) одлуки, и беа усвоени четири Ставови од

Стручен совет на КИРСМ[1]. Како поважни одлуки донесени од страна на Управниот одбор на КИРСМ, се издвојуваат:

- Се избираат тројца членови на Комисија за едукација на КИРСМ со мандат од 23.02.2024 година во состав од: извршител Весна Јакимовска од Гостивар; извршител Зорица Симиќ од Скопје и извршител Александар Кузмановски од Гостивар;
- По повод Одлука на Уставен суд за неповедување на постапка за оценување на Законот за измена на Законот за облигационите односи и на Законот за извршување, Комората да побара итна средба со Министерот за правда на РСМ. Комората да побара насоки и препораки за постапување на извршителите од Секторот за извршување, нотаријат и медијација при Министерстовото за правда во врска со одлуката на Уставен суд за неповедување на постапка за оценување на Законот за измена на Законот за облигационите односи и Законот за извршување;
- Врз основа на иницијатива од страна на Управниот одбор на КИРСМ согласно член 58 од Статутот на Комората на извршители на РСМ, се поведува постапка за изработка на Нацрт- правилник за начинот на примопредавање на должноста од поранешниот извршител на новоименуваниот извршител и изработка на акт – Нацрт- правилник за регулирање на правата и обврските во постапување и распределба на средствата за надомест на трошоци, дејствија и награда врз основа на вложениот труд .

  Се задолжува Комисијата за нормативна дејност на Комора на извршители на РСМ да пристапи кон изработка на Нацрт- правилник за начинот на примопредавање на должноста од поранешниот извршител на новоименуваниот извршител и изработка на акт – Нацрт- правилник за регулирање на правата и обврските во постапување и распределба на средствата за надомест на трошоци, дејствија и награда врз основа на вложениот труд со рок на изработка 15 дена од денот на доставување на оваа одлука и да го достави до Управниот одбор на КИРСМ;
- На веб сајот на КИРСМ да се објави Барање за прибирање на понуди за превод на акти на КИРСМ од македонски на албански јазик со рок на достава на понудите 15 дена од денот на објавата на веб сајот на КИРСМ;

[1] Ставовите се прилог кон овој Годишен извештај за работата на КИРСМ

- Комората активно ќе учествува и ќе ја продлабочува соработката со Фондот на ПИО за изнаоѓање на решенија при постоење на технички проблеми а со цел да им излезе во пресрет на своите членови;
- Се овластува Претседателот на КИРСМ да пристапи кон склучување на Договор за размена на податоци со МИОА- приклучување кон платформата за интероперабилност;
- Се избира извршител Александар Чамовски, член на УО на КИРСМ кој ќе биде одговорен за информации и евиденцијата на податоци на Комората како и Регистар на заземени ставови од страна на Собранието на КИРСМ, Управниот одбор на КИРСМ и Стручниот совет, и за обработка и евиденции на податоци од заедничко значење на дејноста на извршителите заради единствена и еднобразна примена на законите, подзаконските акти и актите на КИРСМ;
- Комората да достави писмен допис до КИБС со кој ќе ги извести дека остро реагира на покачувањето на цените и дека извршителите не се согласуваат со истото.Воедно, Комората да достави известување и до Министерстовото за правда со кое ќе ги информира дека КИБС како АД, кој не е државен орган, ја зголемува својата тарифа а во услови во кои извршителите работат под намалена Тарифа;
- Се утврди Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на таблата за означување на службената просторија на извршителот, печат, штембил, пломба, потпис, дигитален сертификат на извршителот и заменикот и начин на нивно користење;
- Се утврди Пречистен текст на предлог Правилник за спроведување на Конкурс за именување на извршители;
- Се менува и дополнува Одлуката дел.бр.02-253/4 од 21.06.2021 година, на начин што се констатира престанок на мандатот во работната група на членот Драган Кочовски од Велес поради престанок на должноста извршител.

  Се избира извршител Методија Костадиновски од Скопје за член на работната група. Согласно член 58 став 3 од Статутот на Комората, се определува рок од 60 дена на работната група да изработи предлог-измени и дополненија на Правилникот за формата и содржината на кварталниот извештај и Годишниот писмен извештај, сметано од денот на доставување на оваа одлуката до членовите на работната група. Работната група е овластена, по потреба, да оствари состанок со претставници на Министерството за правда како и претставници на софтверските компании кои ги изработуваат софтверските решенија кои ги користат извршителите;

- Се избира судија Мери Дика Георгиевска, Претседател на Апелационен суд Скопје за член на Стручен совет на КИРСМ со мандат од 11.04.2024 год. до 11.05.2025 година;
- Се прифаќа понудата за набавка на 10 (десет) примероци од книгата ,,Аферата двојник – лажни пасоши" од г-дин Михајло Маневски за потребите на Комората.

  Се препорачува на извршителите да направат набавка на книгата ,,Аферата двојник – лажни пасоши" од г-дин Михајло Маневски за свои потреби по цена согласно понудата;
- Се прифаќа Понудата дел.бр. 02-228/1 од 29.03.2024 година доставена од доц д-р Денис Прешова за изготвување на иницијатива до Уставен суд на РСМ на дел од законски одредби од измените на ЗОО објавени во Службен весник на РСМ бр. 154 од 20.07.2023 година. Се одобруваат парични средства од буџетот на Комората, во висина од нето 1000 евра во денарска противвредност, да бидат исплатени на доц д-р Денис Прешова.

  Се одобрува Одлуката на Претседателот на Комората за поднесување до Уставен суд на РСМ на Иницијативата за оценка на уставноста на дел од одредбите од ЗОО;
- Се задолжува Нормативната комисија на КИРСМ најдоцна до 15 мај да ги разгледа сите пристигнати предлози за измена на член 74 став 4 од ЗИ и предлози на Правилник и да достави во рокот до 15 мај 2024 година до УО на КИРСМ предлог текст на одредбата од членот 74 од ЗИ и да се изработат една верзија на Правилник за начин на примопредавање и една верзија на Правилник за висина на надомест на поранешниот извршител чија должност престанала;
- Се овластува Претседателот на КИРСМ да достави Известување до Министерството за правда за измена на Годишниот извештај за работата на КИРСМ за 2023 година на следна седница на Вонредно собрание на КИРСМ на кое ќе се разгледуваат податоците од годишните извештаи за работата на извршителот за 2023 година согласно член 56 став 2 од ЗИ доставени од страна извршителите до КИРСМ заклучно до 15.03.2024 година и тоа во делот на податоците: вкупен број на примени барања за извршување, вкупен број на реализирани извршни исправи, број на релизирани извршни исправи од примените во извештајната година, вкупен износ на наплатени средства по основ надоместок за обработка на предмет, вкупен износ на наплатени средства по основ на преземени извршни дејствија;
- Се овластува Претседателот на КИРСМ да изработи Барање за усогласување на Тарифата за награда и надоместок за работата на извршителите согласно Одлука дел

бр. 02-163/10 од 26.02.2024 година донесена на 18-то Редовно годишно собрание на КИРСМ и да го достави на одобрување на Управниот одбор на КИРСМ;

- Се одобрува одлуката на Претседател на КИРСМ за потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Здружение на правници на РСМ и Комора на извршители на РСМ склучен на ден 09.04.2024 година;
- Се потврдува учество на фудбалски тим на КИРСМ на фудбалскиот турнир во Бугарија, во Тсарско село, Бугарија на ден 14.06.2024 година;
- Се менува Одлуката со дел. бр. 02-256/11 од 19.04.2024 година донесена на 254-та седница на УО на КИРСМ одржана на ден 18.04.2024 година, и истата гласи:

  Се определуваат извршителите Влатко Лалков, извршител Васко Еленов, извршител Димитар Ѓоршевски и Претседателот на КИРСМ, извршител Весна Деловска за претставници од Комората на извршители на РСМ на студиска посета во Софија, Бугарија во период од 11-15.06.2024 година и за учество на Интернационална конференција на извршители на ден 14.06.2024 година;
- Управниот одбор на КИРСМ го одобрува Меморандумот за соработка склучен на ден 30.04.2024 година помеѓу Комората на извршители на РСМ и Судски совет на РСМ;
- Управниот одбор на КИРСМ го разгледа Барањето од Министерство за правда, за номинирање на преставник член и заменик член од редот на извршителите во работна група при Министерството за правда на РСМ за изработка на Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за бесплатна правна помош, дел бр. 03-278/1 од 10.05.2024 година. Се номинираат: извршител Каролина Таневска од Прилеп за член во работна група за изработка на Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за бесплатна правна помош и извршител Сашо Перовски од Тетово за заменик член во работна група за изработка на Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за бесплатна правна помош. Министерството за правда да се извести за одлуката на УО на КИРСМ;
- Се избира извршител Бране Милчевски од Струмица за член на Комисијата за односи со јавност, на местото на извршител Емилија Павловска од Штип.
- Комората на извршители на РСМ дава финансиска подршка на фудбалскиот тим кој ќе учествува на фудбалскиот турнир во Бугарија, во Тсарско село, Бугарија на ден 14.06.2024 година, во висина односно износ од 50.000,00 денари. Финансиска подршка ќе се обезбеди и по пат на донации од извршителите;

- Се овластува Претседателот на КИРСМ , да достави одговор на Известување до Министерството за правда на РСМ, со содржина дека течат активности за дополнување на анализа на трошоците на извршителите, како поддршка за надоместоците и наградата кои ги наплатуваат извршителите од страна на независен експерт ангажиран од проект на КИРСМ, МП и ‘’CILC’’ За зајакнување на извршувањето во земјите од Западен Балкан’’, а за конечната анализа дополнително ќе биде известено Министерството за правда на РСМ со доставување на примерок од истата, во поткрепа на оправданоста на поднесеното Барање за зголемување на Тарифата;
- Се менува Одлука дел бр. 02-362/5 од 21.04.2024 година за определување на надомест на членови на Дисциплинска Комисија;
- Се задолжува Претседателот на Комората на извршители на РСМ да поднесе кривична пријава против против Самка Ибраимовски за сторено кривично дело по член 144 став 4) од Кривичниот Законик- Загрозување на сигурноста;
- Се разгледа Барање мислење дел бр. 03-468/1 од 13.08.2024 година од Министерство за правда на РСМ по Информација за примена на Законот за извршување и извршен вонреден надзор над работата на извршителите за 2023 година

  Се одобрува Мислење од КИРСМ дел бр. 03-468/2 од 15.08.2024 година по информација за примена на ЗИ и извршен надзор над работата на извршителите за 2023 година;
- Се овластува Претседателот на КИРСМ да склучи Договор за обезбедување на пристап до податоци со Централен депозитар за хартии од вредност;
- Се овластуваат Претседателот на КИРСМ Весна Деловска и извршител Николче Диневски од Битола да изработат одговор по повод Барање за мислење дел.бр.03-505/1 од 24.09.2024 година од Министерство за правда на РСМ и изготвениот одговор да го достават до членовите на Управниот одбор на КИРСМ со цел негово одобрување и доставување до Министерството;
- За член на Стручен совет на Комора на извршители на РСМ со мандат од една година сметано од 06.10.2024 до 06.10.2025 година се избира Проф. д-р Арсен Јаневски, во пензија;
- За член на Стручен совет на Комора на извршители на РСМ со мандат од една година сметано од 06.10.2024 до 06.10.2025 година се избира Владимир Јанковски од Министерство за правда на РСМ;

- За член на Стручен совет на Комора на извршители на РСМ со мандат од една година сметано од 06.10.2024 до 06.10.2025 година се избира судија Наталија Донева од Апелационен суд Скопје;
- За член на Стручен совет на Комора на извршители на РСМ со мандат од една година сметно од 06.10.2024 до 06.10.2025 година се избира извршител Билјана Николовска од Куманово;
- Се избира извршител Моника Муча од Скопје за член на Комисија за континуирана и задолжителна едукација на КИРСМ со мандат од две години сметано од 26.09.2024 година до 26.09.2026 година.

  Се избира извршител Александар Максимовски од Скопје за член на Комисија за континуирана и задолжителна едукација на КИРСМ со мандат од две години сметано од 19.11.2024 година до 19.11.2026 година;
- Се разрешува извршител Билјана Николовска од Куманово за член на Комисија за нормативна дејност на КИРСМ избрана согласно Одлука дел.бр.02-652/4 од 11.12.2020 година донесена на 211-та седница на Управен одбор на КИРСМ. За членови на Комисија за нормативна дејност на КИРСМ се избираат: извршител Емилија Павловска, извршител Гордан Станковиќ и извршител Зорица Симиќ;
- Се задолжува Стручната служба на КИРСМ по електронски пат да ја достави до сите извршители Финансиската анализа за работењето на извршителите за период од 2014 – 2022 година изготвена од независен финансиски експерт ангажиран од страна на Центар за меѓународна правна соработка (CILC) за проект ,, Зајакнување на извршувањето во земјите од Западен Балкан."

  Се повикуваат извршителите по електронски пат на маил на КИРСМ да достават свои коментари, предлози и сугестии кои ќе бидат земени во предвид и ќе претставуваат база за започнување на процес на преговори на КИРСМ со Министерството за правда на РСМ за зголемување на Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите;
- Се одобрува одлука на Претседателот на КИРСМ за набавка на два персонални компјутери за Стручна служба на КИРСМ и тоа FUJITSU ESPRIMO D738 SFF, CPU: core i3 Gen 8, Ram 8GB, SSD 256 GB по цена од 120 евра по компјутер согласно понуда доставена од CCC – Copier and Computer center;
- Се избираат Александар Чамовски, член на Управен одбор на КИРСМ и Александар Максимовски извршител од Скопје за учесници на Постојниот совет на МУСИ кој ќе се одржува во период од 26 ноември до 29 ноември 2024 година во Париз.

- Се избираат Весна Деловска Претседател на Комора на извршители на РСМ, Весна Јакимовска извршител од Гостивар и Дашмир Саити извршител од Тетово за членови на делегација за присуство на 10 годишнина од основање на Комора на приватни извршители на Република Косово во период од 14 ноември до 15 ноември 2024 година;
- По повод Барање за номинирање на претставник во работна група за изготвување на Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот дел.бр.03-584/1 од 21.11.2024 година на Министерството за правда на РСМ, Комората на извршители на РСМ ги номинира извршител Зорица Симиќ од Скопје за член на работна група и извршител Александар Максимовски за заменик член на работната група;
- Да се известат извршителите дека Комората на извршители на РСМ ќе организира новогодишна прослава на ден 18.12.2024 година- среда со почеток во 20 часот, во Intermezzo Music Bar
- Се избираат извршител Гордан Станковиќ од Скопје и извршител Јорданчо Давитковски од Крива Паланка за членови на делегација од Комората на извршители на РСМ за учество на Конференција – 10 Години сервис на правдата- искуства и лекции" во Подгорица, Црна Гора на 11.12.2024 година во организација на Комора на јавни извршители на Република Црна Гора;
- Да се достави предлог верзијата на редзијан на веб сајт на КИРСМ до сите извршители по електронски пат и да се повикаат да достават свои предлози, идеи и сугестии кои ќе се имплементираат во финалната верзија.

  Се формира работна група за редизјан на веб сајт на Комората на извршители на РСМ во состав од извршител Васко Блажевски член на Управен одбор на КИРСМ, извршител Александар Чамовски член на Управен одбор на КИРСМ и извршител Влатко Лалков член на Управен одбор на КИРСМ.

## 2.2 Претседател на КИРСМ

### 2.2.1 Претставки и поднесоци

До Комората на извршители на РСМ во периодот од 1 јануари 2024 година до 31 декември 2024 година беа доставени вкупно 137 претставки од странки против извршителите. По претходни извиди во поднесоците доколку беа утврдени формални

недостатоци, доставено е барање за уредување од страна на Стручната служба на КИРСМ до странката и онаму каде што не беше постапено претставката е отфрлена. Сите останати се доставени до конкретниот извршител со барање за произнесување по наводите од поднесокот.

Од вкупниот број на претставки примени во текот на 2024 година, 3 претставки остануваат нерешени и се префрлуваат за следната 2025 година, а 3 претставки префрлени од 2023 година, беа решени во 2024 година. Вкупниот број на решени претставки од страна на Претседателот на КИРСМ, во рамки на оваа извештајна година изнесува 137.

Претседателот на Комората уредно и навремено постапи по Барања податоци и информации доставени од страна на Народен правобранител на РСМ за изготвување на известување за превземање дејствија по повод претставки од граѓани кои се однесуваат за постапување на извршителите.

Исто така, Претседателот на Комората во текот на 2024 година достави одговори по две поднесени Барања за податоци до Основно Јавното обвинителство Скопје, по едно поднесено Барање за податоци до Основно Јавно обвинителство Кичево, до Основно Јавно обвинителство Куманово, до Основно Јавно обвинителство Охрид, до Основно Јавно обвинителство Штип, како и достави одговори по три Барања за податоци до Државно правобранителство на РСМ Скопје.

По повод поведени управни спрови против Известувања по претставки, Претседателот на КИРСМ во оваа извештајна година достави два одговори на жалби до Виш Управен суд на РСМ.

### 2.2.2. Изземање на извршител

Претседателот на КИРСМ во текот на 2024 година, одлучуваше по **15 (петнаесет)** поднесени Барања за изземање на извршител во постапка на извршување по конкретен предмет. Од страна на Претседателот на КИРСМ беа донесени **12 (дванаесет)** Решенија со кои се уважува Барањето за изземање- извршителот се иззема од извршување по конкретен предмет, **2 (две)** Решенија со кои се одбива Барањето за изземање на извршител, како неосновани и **1 (еден)** Заклучок со кој барањето за изземање, се отфрла.

### 2.2.3. Упис во Именици, легитимација, потврди и склучен договор за осигурување

Претседателот на Комората во текот на 2024 година донесе **6** (шест) Решенија за упис на извршител во Именик на извршители; **4** (четири) Решенија за бришење на

извршител од Именик на извршители; **19** (деветнаесет) Решенија за упис на заменик извршител во Именик на заменици на извршителите; **5** (пет) Решенија за бришење на заменик извршител од Именик на заменици на извршителите; **2** (две) Решенија за бришење на помошник извршител во Именик на помошници; **7** ( седум) Решенија за упис на приправници во Именик на приправници и **1** ( едно) Решение за бришење на приправник од Именик на приправници.

Претседателот на КИРСМ во текот на 2024 година по поднесено барање, издаде **18** (осумнаесет) потврди по барање од лица запишани во имениците што ги води КИРСМ.

Претседателот на Комората на извршители на РСМ и во оваа извештајна година внимаваше извршителите да постапат согласно член 43 од Законот за извршува, да достават до Комората доказ за секој склучен договор за осигурување од одговорност од штета односно обновена полиса за осигурување во рок од 30 дена по истекот на полисата за осигурување. Претседателот постапувајќи согласно закон внимаваше најнискиот износ на осигурување да изнесува 100.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна Банка на РСМ на денот на склучување на полисата за осигурување. Сите активни извршители во периодот на своето постапување во текот на 2024 година уредно и навремено доставија до Комората, доказ за склучен договор за осигурување од одговорност од штета.

### 2.2.4. Примопредавање

Комората на извршители преку формирана Комисија во текот на 2024 година спроведе **2 (две)** постапки на примопредавања на списи, архивирани завршени предмети, книги, електронската евиденција и состојбата на сметките на извршителот чија должност престанала, на именуваниот односно определениот извршител, согласно член 74 став 6 од ЗИ, и тоа:1 (една) постапка на примопредавање е спроведена на подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје и 1 (една) постапка на примопредавање се спроведе на подрачјето на Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино.

### 2.2.5. Веб страна на Комората на извршители на РСМ

Во текот на 2024 година, веб страната на Комората редовно се дополнува со нови информации и податоци. Претседателот на Комората грижејќи се Комората да дејствува согласно со закон, на веб страната на Комората редовно беа објавувани доставени од извршители, Заклучоци за продажба на недвижност со усно јавно надавање, Заклучоци за продажба на подвижни предмети, Заклучоци за продажба на недвижност со непосредна

спогодба како и Заклучоци за поправање на грешки во актите на извршителот. Стручната служба на КИРСМ во текот на 2024 година изврши објава на **799** (седумстотини деведесет и девет) огласи во делот на недвижен имот и **214** (двеста и четиринаесет) огласи во делот на подвижен имот , односно вкупно **1013** (илјада и тринаесет) огласи за продажба.

### 2.2.6. Утврдување на просторни услови

Претседателот во текот на оваа извештајна година спроведе увид во канцеларија на извршител со цел констатирање дали работните услови на канцеларијата на извршителот ги исполнуваат условите за работа согласно Правилникот за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи („Службен Весник на РМ" бр.226/16 од 30.12.2016 година). Врз основа на спроведениот увид, Претседателот донесе **9 (девет)** позитивни мислења со кои се констатира дека работните простории на извршителот ги исполнуваат условите за работа согласно Правилникот за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи.

### 2.2.7 Членарина

Претседателот на КИРСМ во текот на оваа извештајна година, врз основа на одлуката на Собранието со која се овластува да поднесува правни средства против извршителите кои имаат долг спрема Комората за неплатени членарини нема поднесено предлог до надлежен нотар за донесување на решение за издавање на нотарски платен налог.

### 2.2.8 Средби и учество на настани

Во текот на 2024 година Претседателот на КИРСМ оствари повеќе средби со претставници на институции. Од остварените работни средби како најзначајни се издвојуваат следните:

- На ден 11.01.2024 година, Претседателот на КИРСМ Весна Деловска и извршител Александар Максимовски оствариja средба со претставници на КИБС во врска со Законот за платежни услуги и платни системи;
- На ден 15.01.2024 година, Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, Потпретседателот на КИРСМ Билјана Николовска и извршител Лазар Петровски остварија средба со Министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски а во врска пристапување кон платформата на интероперабилност;
- На ден 22.01.2024 година, Претседателот на КИРСМ Весна Деловска оствари состанок со Главна извршена директорка на ЕОС Матрих, Д-р. Катерина Бошевска;
- На ден 22.01.2024 година, Претседателот на КИРСМ Весна Деловска и извршител Зоран Димов присуствуваа на Законодавна правна комисија во Собрание на РСМ;

- На ден 23.01.2024 година, Претседателот на КИРСМ Весна Деловска и извршител Премтим Ќерими зедоа учество на панел дискусија - Демократија, правда, ефикасност, реформски процеси за клучни европски вредноси и стандарди”;
- На ден 25.01.2024 година, Претседателот на КИРСМ Весна Деловска учествуваше на Конференција за кодификација на Граѓанскиот законик;
- На ден 26.01.2024 година, Претседателот на КИРСМ Весна Деловска и извршител Премтим Ќерими оствarija средба со Министерот за информатичко општество и администрација Г-дин Азир Алиу во врска со пристапување кон платформата на интероперабилност;
- На ден 07.02.2024 година, Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, Потпретседателот на КИРСМ Билјана Николовска и извршител Премтим Ќерими остварија средба со Народниот правобранител Г-дин Насер Зибери;
- На ден 06.03.2024 година, Претседателот на КИРСМ Весна Деловска и Методија Костадинов член на Управен одбор на КИРСМ остварија средба со Министерот за внатрешни работи Г-дин Панче Тошковски;
- На ден 20.03.2024 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска и Методија Костадинов член на Управен одбор остварија средба со претставници на Македонски телеком, а во врска со пристапување кон платформата на интероперабилност;
- На ден 26.03.2024 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска оствари средба со Шеф на кабинет на Министерот за правда на РСМ;
- На ден 27.03.2024 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска и извршител Александар Максимовски учествуваа на настан - Денови на правнички професии на Правен факултет „Јустинијан Први”;
- На ден 01.04.2024 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, Методија Костадинов член на Управен одбор на КИРСМ и извршител Зоран Петрески остварија средба со Министерот за внатрешни работи Г-дин Панче Тошковски;
- На ден 11.04.2024 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска и Потпретседателот на КИРСМ Билјана Николовска остварија средба со претставници на Министерството за внатрешни работи а во врска со пристапување кон платформата на интероперабилност;
- На ден 23.04.2024 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска оствари средба со претставници на КИБС во врска со Законот за платежни услуги и платни системи;
- На ден 26.04.2024 година, Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, Методија Костадинов член на Управен одбор на КИРСМ, извршител Николче Диневски и

извршител Зорица Симиќ оствариja средба со Државен советник при Министертвото за правда на РСМ Г-ѓа Радица Лазареска Геровска и Помошник раководител на Сектор за нотаријат, извршување и медијација Г-дин Владимир Јанковски во врска со податоци на извршителите содржани во кварталните извештаи и годишните финансиски извештаи за 2023 година;

- На ден 26.04.2024 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, Методија Костадинов член на Управен одбор на КИРСМ, извршител Николче Диневски и извршител Зорица Симиќ оствариja средба со претставници од софтверските компании ОМС и Трендком и Горан Пасков во врска со програмите кои се користат во извршителските канцеларии;
- На ден 17.05.2024 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска учествуваше и имаше свое излагање на настан во организација на „Јуридика Прима";
- На ден 26.06.2024 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, Потпретседателот на КИРСМ Методија Костадинов и извршител Кети Арсова присуствуваа на седница на Уставен суд на РСМ;
- На ден 03.07.2024 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска присуствуваше на Конференција- Напредокот при спроведувањето на препораките од оценската мисија на ЕУ од страна на Судскиот совет;
- На ден 09.07.2024 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, Потпретседателот на КИРСМ Методија Костадинов и член на Управен одбор Васко Блажевски оствариja средба со Министерот за правда на РСМ г-дин Игор Филков;
- На ден 15.07.2024 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска оствари средба со Горан Пасков а во врска со пристапување кон платформата на интероперабилност;
- На ден 25.07.2024 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, Потпретседателот на КИРСМ Методија Костадинов оствариja работна средба со претставници на Централен депозитар за хартии од вредност;
- На ден 23.08.2024 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска и извршител Лазар Петровски оствариja средба со претставници од Фоксит ДОО а во врска со веб сајтот на КИРСМ и неговото одржување;
- На ден 01.10.2024 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска одржа состанок со претставници на софтверската компанија ОМС а во врска со пристапување кон платформата на интероперабилност и програмите кои се користат во извршителските канцеларии;

- На ден 04.10.2024 година, Претседателот на КИРСМ Весна Деловска Потпреседателот на КИРСМ Методија Костадинов и Александар Чамовски член на Управен одбор на КИРСМ оствариja состанок со директорот на Агенција за катастар на недвижности г-дин Иван Живковски;
- На ден 04.10.2024 година, Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, Васко Блажевски член на Управен одбор на КИРСМ и извршител Зорица Симиќ оствариja состанок со претставници на Македонска банкарска асоцијација (МБА) а во врска со Законот за платежни услуги и платни системи;
- На ден 21.10.2024 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, Потпретседателот на КИРСМ Методија Костадинов, Васко Блажевски член на Управен одбор на КИРСМ и извршител Николче Диневски оствариja состанок со г-дин Јос Уитехааг прв Потпретседател на Меѓународната унија на судски извршителит (МУСИ), г-ѓа Злати Михаилова проектен менаџер во CILC и независен финансиски експерт Сергеј Зафироски а во врска со Финансиската анализа на работењето на извршителите во период од 2014-2022;
- На ден 22.10.2024 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, г-дин Јос Уитехааг прв Потпретседател на Меѓународната унија на судски извршители (МУСИ), г-ѓа Злати Михаилова проектен менаџер во CILC, д-р Вероника Ефремова регионален координатор на CILC и независен финансиски експерт Сергеј Зафироски оствариja средба со Министерот за правда г-дин Игор Филков а во врска со Финансиската анализа на работењето на извршителите во период од 2014-2022 ;
- На ден 28.10.2024 година, Претседателот на КИРСМ Весна Деловска учествуваше на работилница "Жени и недозволени финансии во западен балкан" во организација на АИРЕ Центар на Западен балкан;
- На ден 30.10.2024 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска оствари средба со судии од Апелационен суд Скопје;
- На ден 01.11.2024 година извршител Зорица Симиќ учествуваше на панел дискусија за управување и усогласеност на политики и организација кои придонесуваат кон интегритет;
- На ден 08.11.2024 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска и извршител Кети Арсова учестуваа на 73 години од основањето на Правен факултет ,, Јустинијан Први"

- На ден 18.12.2024 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, Потпретседателот на КИРСМ Методија Костадинов, извршител Зорица Симиќ и извршител Александар Чамовски одржаа состанок со претставници на Светска банка;
- На ден 26.12.2024 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска и Потпретседателот на КИРСМ Методија Костадинов оствариjа состанок со Помошник Министерот за граѓански работи при Министерството за внатрешни работи г-дин Јован Алтанциев.

### 2.2.9 Соработка со Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

Во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.204 година до Комората на извршители на РСМ се поднесени 2 (две) барања за пристап до информации од јавен карактер, а од страна на Комората на извршители на РСМ позитивно е одговорено на едно барање, а на второ барање делумно е одобрен пристап до информациите од јавен карактер. Комората на извршители на РСМ уредно ја исполни својата обврска, изготви Годишен извештај за период од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година, и истиот го достави до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

## 2.3 Дисциплинска комисија (ДК) при КИРСМ

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ во текот на оваа извештајна година своите активности ги спроведе, одржувајќи седници, извиди и главни претреси.

До Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година беа доставени 15 (петнаесет) предлози за поведување на дисциплинска постапка. Од страна на Министерството за правда на РСМ како овластен предлагач за поведување на дисциплинска постапка, беа доставени 13 (тринаесет) предлози, а од страна на Претседателот на Комората на извршители на РСМ, 2 (два) предлози за поведување на дисциплинска постапка.

Од страна на ДК при КИРСМ во текот на 2024 година во целост беше постапено по 13 предмети примени во тековната година и беа донесени, 14 решенија, и тоа: 10 (десет) решенија со кои се одбива предлогот за поведување на дисциплинска постапка; 1 (едно) Решение со кое се изрекува парична казна; 1 (едно) Решение со кое се изрекува Привремено одземање на правото за вршење на должност извршител во траење од 6 месеци; 1 (едно) Решение со кое се изрекува привремена забрана за вршење на должност извршител - суспензија и 1 (едно) Решение со кое се отфрла предлогот за поведување на дисциплинска постапка како ненавремен.

По 2 (два) предмети ќе се одлучува во текот на 2025 година.

| Година | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на извршители | 97 | 91 | 99 | 96 | 92 | 93 | 93 |
| Вкупен број на предлози за Дисциплинска посапка | **10** | **14** | **3** | **6** | **7** | **8** | **15** |
| Решение со кое се одбива предлогот – не е сторена дисциплинска повреда | //// | 3 | 1 | 1 | 6 | 8 | 10 |
| Дисциплинска мерка – парична казна | 5 | 5 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Дисциплинска мерка – писмена/ јавна опомена на извршител | 2 | 1 | /// | /// | /// | /// | /// |
| Решение – привремена забрана за вршење на должност извршител - суспензија | 2 | //// | /// | 1 | /// | /// | 1 |
| Решение – Трајно одземање на правото на вршење на должност извршител | 1 | //// | /// | /// | /// | /// | /// |
| Решение –Привремено одземање на правото за вршење на должност | 1 | 1 | /// | 1 | /// | /// | 1 |
| Решение –се отфрла предлогот за поведување на дисциплинска постапка | 1 | 3 | /// | 4 | 1 | /// | 1 |

Комората на извршители на РСМ, претставувана од Претседателот на КИРСМ во текот на 2024 година до Управен суд на РСМ достави одговори на **2 (две)** поднесени тужби против дисциплински решенија, и тоа: одговор на Тужба против Решение ДП.бр.12-4-12/2024 од 29.10.2024 година на ДК при КИРСМ и одговор на Тужба со одговор на предлог за времена мерка, против Решение ДП.бр.12-4-12-1/2024 од 29.10.2024 година на ДК при КИРСМ.

Во текот на 2024 година, Претседател на Основен суд како овластен предлагач нема доставено до ДК при КИРСМ, предлог за поведување на дисциплинска постапка против извршител.

## 2.4 Надзорен одбор на КИРСМ

Надзорниот одбор во состав од три члена, во текот на оваа извештајна 2024 година, одржа четири седници на кои беше спроведен надзор над финансиското работење на Комората на тромесечни периоди во текот на 2024 година. Врз основа на обврската од

Статутот на КИРСМ, Надзорниот одбор достави свој Извештај за работењето до Собранието на Комората[2] .

## 2.5 Стручен совет на КИРСМ

Стручниот совет на КИРСМ во текот на 2024 година одржа **6** (шест) седници од кои една конститутивна, на која беше избран претседател на Стручен совет на КИРСМ и заменик претседател на Стручен совет на КИРСМ.

Стручниот совет на КИРСМ во текот на 2024 година донесе четири заклучоци и четиринаесет ставови.

## 2.6 Комисија за стручна едукација на извршители

Комисијата во состав од пет члена, во текот на 2024 година одржа четири седници на кои донесе одлуки. Комисијата на седница одржана на ден **18.01.2024** година донесе Предлог програма за задолжителна едукација на извршителите за 2024 година а на седница одржана на ден **02.02.2024** година донесе одлука со која утврди предлог теми за семинар на извршители за месец февруари 2024 година.

Комисијата на седница одржана на ден **04.04.2024** донесе одлука со која избра Претседател и Заменик претседател на Комисијата и одлука со која утврди предлог теми за семинар на извршители за месец мај 2024 година. На истата седница, Комисијата дискутираше по однос на член 218 од ЗИ, за состојбите по апликациите доставени до Стразбур по однос на член 218 од ЗИ и предложи повеќе активности и тоа: Стручната служба на КИРСМ да обезбеди ППНИ одлуки за утврден лимит, Комората писмено да се обрати до Адвокатско друштво Богданов и Богданов како и Управниот одбор на КИРСМ да определи две лица да одржат состанок со претставник од Бирото за застапување на РСМ пред ЕСПЧ.

Комисијата на седница одржана на ден **16.09.2024** донесе одлука со која утврди предлог теми за семинар на извршители за месец октомври 2024 година.

## 2.7 Комисија за спроведување на постапка за именување на изршител

Во текот на оваа извештајна година, Комисијата за спроведување на постапка за именување на извршител одржа **2** седници.

На ден **13.02.2024** година, беше одржана седница на која беше разгледан Конкурс објавен од страна на Министерството за правда за именување на 2 (два) извршители за подрачја на места на извршители чија должност престанала: еден за подрачјето на

[2] Годишниот извештај на Надзорен одбор е прилог кон овој Годишен извештај за работата на КИРСМ

Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје – на место на извршителот Музафер Хоџиќ од Скопје на кој му престана должноста извршител и еден за подрачјето на Основниот суд во Велес, Основниот суд во Гевгелија, Основниот суд во Кавадарци и Основниот суд во Неготино – на местото на извршителот Драган Кочовски од Велес на кој му престана должноста извршител. На седницата, беа разгледани 7 (седум) пријави со прилози од кандидати за именување извршител за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје и за подрачјето на Основниот суд во Велес, Основниот суд во Гевгелија, Основниот суд во Кавадарци и Основниот суд во Неготино, доставени во Комората на извршители на РСМ по повод објавениот Конкурс. Од страна на Комисијата, беше утврдено дека 6 (шест) кандидати ги исполнуваат условите за именување на извршител согласно чл.33 од Законот за извршување, за што беше изготвено мислење од страна на Комисијата.

На ден **02.09.2024** година, беше одржана седница на која беше разгледан Конкурс објавен во ‘’Сл весник на РСМ бр. 162 од 06.08.2024 година’’ од страна на Министерството за правда за именување на 3 ( три) извршители: еден за подрачјето на Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје – на место на извршителот Фанија Каламатиева од Скопје, на која и престана должноста извршител; еден за подрачјето на Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје – на место на извршителот Христо Јованов од Скопје, на кого му престана должноста извршител и еден за подрачјето на Основниот суд во Струмица и Основниот суд во Радовиш – на местото на извршителот Саветка Георгиева од Струмица, на која и престана должноста извршител. На седницата, беа разгледани 11 (единаесет) пријави со прилози од кандидати за именување извршител за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје, доставени во Комората на извршители на РСМ по повод објавениот Конкурс. Од страна на Комисијата, беше утврдено дека 10 десет кандидати ги исполнуваат условите за именување на извршител согласно чл.33 од Законот за извршување, за што беше изготвено мислење од страна на Комисијата.

## 2.8 Ждрепка

Во текот на 2024 година, Комората на извршители спроведе 2 (две) постапки за утврдување на предлог по пат на ждрепка меѓу извршителите од подрачјето на основните судови од каде биле извршителите чија должност престанала, а кои предлози ги достави до Министерството за правда за донесување на решение за определување на извршител од редот на именуваните извршители од истото подрачје којшто веднаш ќе ги преземе предметите на извршителот чија должност престанала и ќе ја продолжи работата по

предметите, со сите овластувања кои му припаѓаат на извршител согласно Законот за извршување.

### 2.9 Комисија за вршење на надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифа

Во оваа извештајна година, Комисијата за вршење на надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифа, изврши **3** ( три) надзори над работењето на извршителите за правилна примена на Тарифата по што до Управниот одбор на КИРСМ доставија **3** ( три) Записници за извршен надзор по овластување на Управен одбор на КИРСМ.

### 2.10 Постапување на извршителите врз основа на член 36 став 1 од Законот за извршување

Врз основа на чл. 36 став 1 од Законот за извршување ( „Службен Весник на РМ“ бр. 72 од 12.04.2016 година) в.в. чл. 5 ст.1 и ст.2 од Правилникот за работното време на извршителот и Комората на извршители на Република Македонија донесен на седница на Вонредно Собрание на Комората на извршители на Република Северна Македонија одржана на ден 20.06.2016 година, со одлука на Управен одбор на КИРСМ се одобри Годишниот распоред на Комората на извршители на РСМ за 2024 година со кој се определуваат извршители во 15 (петнаесет) градови во РСМ каде нема именувано извршител од редот на извршителите именувани за подрачјето на основниот суд на кој што територијално припаѓа градот, во просториите на општините за период од една година, а врз основа на еднаква застапеност на извршителите. Согласно доставените **118 (сто и осумнаесет)** извештаи од извршителите за присуство во просториите на општините, согласно Годишниот распоред за период од 12.01.2024 година до 27.12.2024 година, може да се согледа дека во текот на 2024 година не е примено ниту едно барање за извршување од физичко лице доставено до извршител, присутен на одредениот ден во просториите на општината.

## 3.Активности на КИРСМ преку одржани семинари, обуки и работилници

### Семинар на извршители

Комората на извршители на РСМ, оваа тековна година организираше **3 (три)** семинари на извршителите, и тоа:

**На ден 24.02.2024 година се одржа Семинар- панел дискусија во хотел Рамада Плаза, Гевгелија**. На семинарот – панел дискусијата беше обработена следната тема: „ Дискусија и едукација по однос на правни ситуации настанати со измените во Законот за облигационите односи и Законот за извршување ( Сл.весник бр. 154 од 10.07.2023 година)” со подтема:„ Измените на ЗОО од 20.07.2023 година во врска со застареност на побарувања обезбедени со хипотека или залог в.в. со член 357 од ЗОО или во предмети со основ законска издршка в.в. со член 362 став 3 и член 370 став 1 точка 2 од ЗОО”. На семинарот беа донесени следните заклучоци: „Итно ревидирање на одредбите од законските измени на ЗИ и ЗОО, постапка која Комората веќе ја иницира пред претставници на Министерството за правда. Комората ќе ја продолжи соработката со Министерството за правда за изготвување на измени на Законот за извршување”, „Иницирање на средба со големите доверители и Банки, со замолница да излезат со анализа и пресметки за долговите и штетата што е настаната со последните законски измени на ЗИ и ЗОО” и „Иницирање на средба со претставници од Врховниот суд и Апелационите судови со цел усогласување на судската пракса во постапувањето со извршните предмети, по последните измени на ЗИ и ЗОО”.

**На ден 01.06.2024 година се одржа Семинар  во хотел Монтана, Крушево**. На семинарот беа обработени следните теми: „Заклучок за утврдување на трошоци за извршување“, “Кодекс за професионална етика“, „ Наплата на камата во извршувањето по измените на ЗИ и ЗОО“ и „Побивање на должникови правни дејствија“.

На ден 19.10.2024 година се одржа Семинар во хотел Емералд, Приштина Р. Косово. На семинарот беа обработени следните теми: „ Правни последици од отварање на предстечај и стечај, излачно право и разлачно право, побивање на должникови правни дејства согласно Законот за стечај, намирување согласно Законот за извршување и Закон за стечај, задолжително доставување на решенија за отворена стечајна постапка до КИРСМ’’ и „Извршување на недвижност во заедничка сопственост, налог за извршување врз недвижност и проценка.”

## 4.Меѓународни активности на КИРСМ

Оваа извештајна година, КИРСМ со своите активности беше присутна и на меѓународен план.

Во период од 12 до 14 февруари 2024 година, Билјана Николовска Потпретседател на КИРСМ и Влатко Лалков, член на Управен одбор на КИРСМ учествуваа на онлајн обука организирана од страна на Европската Комисија и Меѓународната унија на судски

извршители (UIJH) во PACE проект- за заштита на лични податоци во прекугранично извршување во граѓански и трговски спорови.

Во период од 07 мај до 10 мај 2024 година, во Рио де Жанеиро Бразил, делегација на Комората во состав од Претседателот Весна Деловска и извршител Емилија Павловска учествуваа на 25-от Светски конгрес на судски извршители на тема -Судски извршител-третто доверливо лице.

Во организација на Меѓународната унија на судски извршители (МУСИ) во период од 27 ноември до 30 ноември се одржа Постојан совет на МУСИ на која како делегација на КИРСМ присуствуваа Александар Чамовски, член на Управен одбор на Комората и извршител Александар Максимовски на тема Дигитализација и обработка, чување и заштита на лични податоци.

## 5.Односи на КИРСМ со домашни институции и регионална соработка

### А .Односи на КИРСМ со домашни институции

#### Односи со Министерството за правда на РСМ

Законската поставеност на Министерството за правда како институција која ја контролира работата на извршителите на РСМ и на самата Комора, Министерството за правда во оваа извештајна година ја оствари преку спроведени редовни и вонредни надзори и до КИРСМ беа доставени вкупно 38 извештаи за извршен надзор над работата на извршителите, од кои 19 спроведени надзори со увид во конкретен И.број на предмет, односно спроведен надзор по повод добиени сознанија од странки и учесници во извршувањето (во табелата подолу како вонредни надзори), додека 19 надзори се спроведени по основ на месечен план на Министерството за правда за спроведување на надзор ( во табелата како редовни назори).[3]




| | 2023 | 2022 | 2021 | 2020 | 2019 | 2018 | 2017 | 2016 | 2015 | 2014 | 2013 | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно редовни надзори | 8 | 22 | 10 | 6 | 30 | 29 | 37 | 16 | 18 | 41 | 32 | 11 | 8 |
| Вкупно вонредни надзори | 12 | 16 | 10 | 22 | 14 | 9 | 13 | 14 | 58 | 66 | 72 | 71 | 57 |

[3] Анализата за спроведен надзор над работата на извршителите е направена според годината во која е примен извештајот за надзор во Комората а не по ден на спроведен надзор.

## Односи на КИРСМ со други домашни институции

Во оваа извештајна година, Комората на извршители на РСМ ја продлабочи соработката со Здружението на правници на РСМ склучувајќи Меморандум за соработка помеѓу двете институции на ден 09.04.2024 година.

На ден 30.04.2024 година, Претседателот на КИРСМ Весна Деловска и Претседателот на Судски совет на РСМ Весна Дамева склучија Меморандум за соработка.

Комората на извршители на РСМ ја продолжи соработката со Академијата за судии и јавни обвинители на РСМ и на ден 11.07.2024 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, извршител Билјана Николовска и извршител Кети Арсова учествуваа на советување во организација на АСЈО.

На ден 25.09.2024 година во Основен суд Штип се одржа советување во организација на АСЈО на кое свое учество имаа извршител Бране Милчески, извршител Маријана Кацарска Могилевска и извршител Емилија Павловска а на ден 09.10.2024 година во Апелационен суд Битола на советувањето организрано од АСЈО зедоа учество извршител Каролина Таневска, извршител Димитар Ѓоршевски и извршител Дејан Костовски.

## Б. Регионална соработка

- На ден 28.02.2024 година и на ден 29.02.2024 година во хотел Парк, Скопје се одржа работилница за развој на Стратегија на Комората на извршители на РСМ во рамки на проектот Матра – Зајакнување на извршувањето во Западен Балкан поддржано од Центар за Меѓународна правна соработка ( CILC) на која учествуваа Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, Потпретседателот на КИРСМ Билјана Николовска, Каролина Таневска, член на УО на КИРСМ, Влатко Лалков, член на УО на КИРСМ, Сашо Перовски, член на УО на КИРСМ, Милка Ракочевиќ, Проф д-р. од Правен факултет „ Јустинијан први" , член на Стручен совет на КИРСМ, извршител Игор Антевски и Кристина Терзиевска Вучевска , В.д Секретар на КИРСМ;
- Во период од 18.04.2024 до 20.04.2024 година во хотел Аурора Берово, се одржа работилница – Soft skills во рамки на проектот Матра – Зајакнување на извршувањето во Западен Балкан поддржано од Центар за Меѓународна правна соработка (CILC) на која учествуваа Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, Потпреседател на КИРСМ Билјана Николовска, Методија Костадинов член на УО на КИРСМ, Александар Чамовски член на УО на КИРСМ, Сашо Перовски член на

УО на КИРСМ, Влатко Лалков член на УО на КИРСМ, Каролина Таневска член на УО на КИРСМ, извршител Васко Еленов, извршител Маријана Кацарска Могилевска, извршител Васко Блажевски, извршител Моника Муча, извршител Кети Арсова, извршител Емилија Павловска, извршител Весна Јакимовска, извршител Игор Антевски и извршител Марија Ваневска;

- Во рамки на проектот Матра – Зајакнување на извршувањето во Западен Балкан поддржано од Центар за Меѓународна правна соработка ( CILC) на ден 29.05.2024 година и на ден 30.05.2024 година во Охрид се одржа регионална работилница за Дисциплинска постапка и етика на која учествуваа Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, Потпретседателот на КИРСМ Билјана Николовска, Каролина Таневска член на УО на КИРСМ и извршител Весна Јакимовска;
- На ден 30.05.2024 година во рамки на проектот Матра – Зајакнување на извршувањето во Западен Балкан поддржано од Центар за Меѓународна правна соработка ( CILC) во Охрид се одржа состанок на кој учестуваше Претседателот на КИРСМ Весна Деловска;
- На ден 30.05.2024 година и 31.05.2024 година во рамки на PACE проектот за заштита на лични податоци во прекугранично извршување во граѓански и трговски спорови на вебинар учествуваше Митко Ристовски, заменик извршител на извршител Игор Антевски;
- Во период од 11.06.2024 година до 15.06.2024 година делегација составена од Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, Влатко Лалков член на УО на КИРСМ, извршител Васко Еленов и извршител Димитар Ѓоршевски присуствуваа на Студиска посета на Комора на извршители на Р. Бугарија и конференција за Меѓународниот ден на извршители во Р. Бугарија во рамки на проектот Матра – Зајакнување на извршувањето во Западен Балкан поддржано од Центар за Меѓународна правна соработка ( CILC) ;
- Во период од 26.06.2024 година до 28.06.2024 година во рамки на проектот Матра – Зајакнување на извршувањето во Западен Балкан поддржано од Центар за Меѓународна правна соработка ( CILC), Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, Васко Блажевски член на Управен одбор на КИРСМ и извршител Моника Муча учествуваа на регионална работилница за развој на веб сајт што се одржа во Приштина Р. Косово;
- Во рамки на проектот Матра – Зајакнување на извршувањето во Западен Балкан поддржано од Центар за Меѓународна правна соработка (CILC) во период од

03.09.2024 година до 06.09.2024 година во Херцег Нови, Р. Црна Гора Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, Потпретседателот на КИРСМ Методија Костадинов и извршител Емилија Павловска учествуваа на регионална работилница „ Дисиплинска постапка и Етика" како и на тркалезна маса за „Обезбедување на докази и ПР Стратегија";

- Во период од 24.10.2024 година до 26.10.2024 година во хотел Аурора, Берово се одржа втора работилница – Soft Skills во рамки на проектот Матра – Зајакнување на извршувањето во Западен Балкан поддржано од Центар за Меѓународна правна соработка (CILC) на која учестуваа извршител Борис Пљаков, извршител Бране Милчески, извршител Маја Гркова Караколева, извршител Марија Попов, извршител Јорданчо Давитковски, извршител Петре Темелков, Извршител Љопче Ефинска, извршител Ванчо Марковски, извршител Александар Кузмановски, извршител Крсте Трајковски, извршител Милена Манолева, извршител Димитар Ѓоршевски и извршител Дејан Костовски;
- Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, извршител Весна Јакимовска и извршител Дашмир Саити во период од 14.11.2024 година до 15.11.2024 година во Приштина присуствува на 10 годишнина од основање на Комората на приватни извршители на Р. Косово;
- Во рамки на проектот Матра – Зајакнување на извршувањето во Западен Балкан поддржано од Центар за Меѓународна правна соработка (CILC) во Подгорица, Црна Гора во период од 10.12.2024 година до 11.12.2024 година се одржа Конференција – „Десет години во служба на правдата – искуства и лекции" на која учестуваа извршител Гордан Станковиќ и извршител Јорданчо Давитковски.

## 6.Нормативна активност на Комората на извршители

Комисија за нормативна дејност во оваа извештајна година одржа 3 (три) седници.

На седница одржана на ден 16.02.2024 година, Комисијата за нормативна дејност го разгледа Нацрт Правилникот за формата и содржината на таблата, печат, штембил, пломба, потпис, дигитален сертификат на извршителот и заменикот и начин на нивно користење изготвен од страна на извршител Николче Диневски и истиот го достави до Управниот одбор на КИРСМ. На истата седница, членовите на Комисијата дискутираа за Правилникот за начин на примопредавање на должноста од поранешениот извршител на новоименуваниот извршител и Правилник за регулирање на правата и обврските во

постапување и распределба на средства за надомест на трошоци, дејствија и награда врз основа на вложениот труд.

На седница одржана на ден 15.05.2024 година, Комисијата усвои предлог за измена и дополнување на член 74 од Законот за извршување а на седница одржана на ден 22.05.2024 година усвои предлози за измена и дополнување на Нацрт - Правилник за начин на примопредавање на должноста од поранешениот извршител на новоименуваниот извршител и за регулирање на правата и обврските во постапување и распределба на средствата за надомест на трошоци, дејствија и награда врз основа на вложениот труд.

## 7.Односи на КИРСМ со други институции

Комората на извршители на РСМ до Државниот архив на РСМ по повод обврските кои произлегуваат за извршителите како лица кои вршат јавни овластувања и се иматели на архивски материјал изработи предлог листи и планови, и во законскиот рок за извршителите кои доставија своја согласност за истото до Комората поднесе барање за добивање на согласност за примена на планот и листите од Државен архив на РСМ, врз основа на кое извршителите со Решение на ДАРСМ добија согласност за примена на Планот за архивски знаци за распределување на актите, Листата на архивски материјал и Листата на документарен материјал за 2025 година.

## 8.Односи со медиумите

Во текот на оваа извештајна година беа реализирани неколку гостувања во телевизиски медиуми, како и соработка со пишани и електронски медиуми.

Претседателот на КИРСМ Весна Деловска на ден 07.03.2024 година гостуваше во вестите на телевизија 24 Вести, истиот ден 07.03.2024 година членот на Комисијата за односи со јавност при КИРСМ извршител Игор Антевски оствари интервју со новнар од Радио МОФ. Во текот на месец март, Претседателот на КИРСМ Весна Деловска реализираше интервју за електронскиот медиум Портал икс ден 24.03.2024 година и на ден 28.03.2024 година реализираше гостување во дневникот на Македонската радио телевизија (МРТВ). На ден 24.06.2024 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска учествуваше во дебатна емисија Аргумент плус на телевизија 24 Вести.

Комисијата за односи со јавност на КИРСМ во текот на 2024 година беше активна и во соработка со електронски медиуми/портали.

## 9.Планови на Комората за 2025 година

Комората на извршители на РСМ во текот на 2025 година ќе работи на афирмација на извршителската професија преку зголемена континуирана соработка со Министерството за правда на РСМ во насока на измена на Законот за извршување и ревидирање на Тарифата за награда и надоместок за работата на извршителите.

Од апект на нормативната активност, Комората во 2025 година ќе пристапи и кон ревидирање на актите на Комората.

Комората во 2025 година ќе ја продолжи институционалната соработка со други државни органи, судови и сродни Комори со цел јакнење на професијата извршител во правосудниот систем како и преземање на активности за воедначување на судска пракса и еднаква примена на Законот за извршување.

Во текот на 2025 година, Комората планира да продолжи со активности и придонес во реализација на Акцискиот план за развој на Стратегијата за реформа на правосудниот систем 2024-2028 година како и активности за воведување на единствен софтверски систем за евиденција и водење на предметите кај извршителите и Комората.

Паралелно, Комората ќе стори напори и за меѓусебно поврзување на системите на извршителите со релевантни институции со цел полесно и поекномично спроведување на извршните постапки односно приклучување кон процесот на интероперабилност и воведување на дигитализација во извршувањето.

Се планира продолжување и зајакнување на регионалната соработка со Комориte во регионот, активно учество и присуство на обуки, работилници и семинари со цел размена на искуства како и продлабочување на соработка со Меѓународната унија на судски извршители UIJH ( МУСИ).

КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
Весна Деловска